OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 20 април 2016

## "ПЛАН ЗА СТАН" - НОВ СТАНБЕН КРЕДИТ НА ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ СО 10 ГОДИНИ ФИКСНА КАМАТНА СТАПКА

Од денеска, Охридска Банка Сосиете Женерал воведува нова, уникатна и по своите карактеристики, најконкурентна понуда на пазарот за станбен кредит со кредитно животно осигурување. Единствено со станбениот кредит **„План за стан“** на Охридска Банка Сосиете Женерал, кој е наменски кредит за купување, реновирање и изградба на недвижен имот, клиентите добиваат: 10 години фиксна камата, со фиксна промотивна каматна стапка од 3,75% во првите две години и сигурна и поволна фиксна каматна стапка од 5,95% од третата до десеттата година, со максимален рок на отплата од 30 години.

*„Со новиот станбен кредит, 'План за стан', Охридска Банка Сосиете Женерал оди чекор понапред во креирањето на условите, транспарентноста и квалитетот на станбените кредити, со цел да ги задоволи желбите на сите заинтересирани граѓани кои сакаат нов дом, и тоа со уникатни, пристапни и многу јасни услови.*
*Охридска Банка Сосиете Женерал беше првата банка што понуди 5-годишен станбен кредит со фиксна камата. Сега, со 'План за стан',Охридска Банка Сосиете Женерал повторно е единствената банка на пазарот која нуди најдолг период со фиксна рата од 10 години, со најповолни услови за каматни стапки без административни трошоци при одобрување на кредитот и без трошоци за проценка на имотот. Нашиот приоритет е со понудата да им обезбедиме на нашите клиенти транспарентност, стабилност и безбедност. Сите клиенти, кои ќе се одлучат за овој нов станбен кредит на Охридска Банка Сосиете Женерал во 2016 г., точно ќе го знаат износот на месечната рата сè до 2026 година без ниту едно изненадување во иднина или скриен трошок. Тоа ги олеснува плановите!“* − истакнува Стефан Туати, Член на Управниот одбор на Охридска Банка Сосиете Женерал, кој раководи со секторот банкарство за население и маркетинг.

Со фиксната каматна стапка за првите десет години, клиентите на Охридска Банка Сосиете Женерал се сигурни и точно ја знаат висината на ратата. Така, на пример, за станбен кредит со кредитно животно осигурување во износ од 30.000 евра и со рок на отплата од 20 години, месечната рата во првите две години изнесува 185 евра, а од третата до десеттата година е загарантирана да биде 218 евра месечно.

Дополнително и промотивно до 10 јули годинава, Охридска Банка Сосиете Женерал им овозможува на клиентите кои ќе аплицираат за новиот станбен кредит **„План за стан“** да изберат помеѓу двата пакета за животно осигурување, и тоа: **основниот пакет за кредитно животно осигурување** со осигурителна премија од 0,44% годишно од износот на кредитот и **целосниот пакет за кредитно животно осигурување**, со осигурителна премија од 0,85% годишно од износот на кредитот.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**За Охридска Банка Сосиете Женерал** :

Охридска банка Сосиете Женерал (ОБСГ) е универзална банкарска институција што на македонскиот пазар е рангирана на четвртото место. Од 2007 година ОБСГ е дел од една од најголемите финансиски институции во светот – Групација Сосиете Женерал. Со над 148.000 вработени во повеќе од 76 земји, Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ светот повеќе од 150 години. Охридска банка дејствува во согласност со високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги притоа четирите вредности на Групацијата: тимски дух, иновативност, одговорност и посветеност. Основната стратегија на ОБСГ е постојано унапредување на квалитетот на извршување на банкарските услуги и целосна посветеност кон задоволување на потребите на клиентите. Охридска Банка Сосиете Женерал е прогласена за најдобра банка од Македонија за 2015 година на пазарите во развој во Централна и Источна Европа од светски познатиот магазин Глобал фајненс.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ**
**И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013